**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-564/7**
**Скопје, 05.12.2006 година**

**ДО**
**БИРО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИ ПОДРАЧЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја за 2005 година за сметка – Приходи од органи, кои се прикажани на страните 5 и 6 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Љубомир Јанев, Директор во Бирото за стопански недоволно развиени подрачја од 01.01.- 18.04.2005 година
   - Миле Андонов, Директор во Бирото за стопански недоволно развиени подрачја од 05.05.- 31.12.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 24.07.2006 до 28.07.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
___________________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 07-1070/5 од 17.11.2006 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на приходи од органи на овластениот државен ревизор од одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодот од точка 10.4.2. не се прифаќаат од причина што е постапено спротивно на законските прописи.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.1.1. Бирото за стопански недоволно развиени подрачја нема воспоставено правилна евиденција, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и сметководствената практика за наплата на долгорочните кредити и камати по истите, односно нивната наплата директно се евидентира во корист на приходите за да на крај на фискалната година се изврши усогласување согласно добиените известувања од надлежната банка. Ваквиот начин на работење оневозможува да се има увид во побарувањата по основ на дадени кредити преку деловни банки, што доведува до изготвување на нецелосни финансиски извештаи.
**Препорака**
Бирото за сопански недоволно развиени подрачја да се обрати до институциите со цел да обезбеди документи ( договори или други акти ) од кои ќе може да се види колку средства, каде и под кои услови се пласирани и истите сметководствено да се евидентираат како побарувања.

11.1.2. Во врска со набавката и трошењето на материјалите и ставањето во употреба на ситниот инвентар не е утврдена конзистентна сметководствена политика за евидентирање на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар и нивен отпис при ставање во употреба, која треба да се применува во целиот пресметковен период согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Претходно наведеното создава можности да се нема увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар и непостоење политика за евидентирање на истите.
**Препорака:**
Евидентирањето на набавката на ситниот инвентар да се врши согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Набавката на материјали треба да се регулира со Општ акт со кој:

- ќе се утврди потребата за набавка;
- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице,и
- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатница/требување

## 11.2. Неправилности во искажување на расходите

11.2.1. Ревизијата се оградува од давање на мислење за објективноста на расходите евидентирани на ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт подставка Горива и масла, во износ од 210 илјади денари, поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација како основ за направените трошоци што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Кај Бирото за неразвиени подрачја не постојат пишани процедури од кои би можело да се види кои лица се задолжени со Верна картици за набавка на гориво како и не се користи налог за користење на службено возило. Непостоењето на истите дава можност за користење на возилата за приватни цели што доведува до ненеменско и незаконско трошење на средства кои претставуваат државни расходи.
**Препорака:**
Да се изготви интерен акт со кој ќе се регулира начинот и кои лица имаат право на користење на Верна картици, а при користење на службените возила да се применува налог за користење на службено возило од кој ќе може да се види кое лице, кога, каде и за која цел патувало и да се следи потрошувачката на гориво.

## 11.3. Неправилности во искажување на позициите во Биланс на состојба

11.3.1. На позицијата Постојани средства, потставка Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства, евидентирани се средства кои се наследени од поранешниот Републички фонд за кредитирање на стопански недоволно развиените подрачја во износ од 190.724 илјади денари. Ревизијата се оградува од давање на мислење за објективноста и вистинитоста на оваа позиција од причина што Бирото за неразвиени подрачја на ревизијата не и презентираше докази и тоа:

- за средствата по дадени кредитите во земјата наследени од Републичкиот фонд за кредитирање на стопански недоволно развиените подрачја, доказ за нивната висина, ниту пак соодветен писмен акт ( договор ) со кои се регулираат меѓусебните односи помеѓу Бирото за неразвиени подрачја и А.Д. Стопанска Банка Скопје која го врши администрирањето на наведените кредити во износ од 88.152 илјади денари
- како и за евидентираните средствата во износ од 102.572 илјади денари како салдо кое се провлекува од 2000 година, кои според кажувањата на одговорните лица од сметководството се водат во поранешната Агенцијата за санација на банки, односно секторот за средства при Министерството за финансии.

Необезбедувањето на потребната документација доведува до можност за изготвување на нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Бирото за стопански недоволно развиени подрачја да се обрати до институциите со цел да обезбеди документи ( договори или други акти ) од кои ќе може да се види колку средства, каде и под кои услови се пласирани, доспеаноста на истите а со цел да ги потврди евидентираните состојби во својата сметководствена евиденција.

11.3.2. Позицијата Постојани средства, потставка Опрема, е потценета за 18 илјади

денари, поради неевидентиран набавен мобилен телефон спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на законските прописи придонело да се потценети и ставките Извори на деловни средства - Државен-јавен капитал за износ од 17 илјади денари и Исправка на вредност на опрема за 1 илјада денари.

**Препорака:**

Надлежната служба за сметководство согласно укажувањата од ревизијата да преземе мерки и да изврши соодветни евидентирања во сметководствената евиденција на неевидентираната опрема.

### 11.4. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

11.4.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 19/04, 109/05) и тоа:

- Не се води регистар на постапките за јавни набавки што е спротивно на член 17 од законот;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката за набавките од мала вредност согласно член 72 од законот, и
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.

11.4.2. Спротивно на Законот за јавни набавки поточно член 72 од истиот, не е спроведена постапка и тоа:

- сервисирање на службени возила и покрај тоа што истата е предвидена во Планот за јавни набавки за 2005 година. За оваа намена се направени расходи во износ од 346 илјади денари,и
- набавка на мобилен телефон во износ од 18 илјади денари

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно законските одредби создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 11.1. до 11.3. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја сметка за приходи од органи, на ден 31 Декември 2005 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.2. и 11.4. кај Бирото за стопански недоволно развиени подрачја сметка за приходи од органи, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје,21 .11.2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Биро за стопански недоволно развиени подрачја**
**Приходи од органи**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 ден**

| **Опис** | **Образл ожение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 27,510 | 16,043 |
| **Вкупно приходи** | | **27,510** | **16,043** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 1,268 | 770 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,268** | **770** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 6,225 | 12,025 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **6,225** | **12,025** |
| **Вкупно расходи** | | **7,493** | **12,795** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **20,017** | **3,248** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**Биро за стопански недоволно развиени подрачја**
**Приходи од органи**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

**во 000 ден**

| Опис | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 20,017 | 3,248 |
| **Вкупно тековни средства** | | **20,017** | **3,248** |
| **Постојани средства** | | | |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.1. | 190,724 | 213,507 |
| **Вкупно постојани средства** | | **190,724** | **213,507** |
| **Вкупна актива** | | **210,741** | **216,755** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1. | 20,017 | 3,248 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **20,017** | **3,248** |
| **Извори на други средства** | 4.4.1. | **190,724** | **213,507** |
| **Вкупна пасива** | | **210,741** | **216,755** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*